**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

# Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничка припадност во 2013 година

**Скопје, ноември 2014 година**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД .... 3

1. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА .... 4
1.1. Македонска телевизија .... 6
1.2. Терестријални телевизиски станици на државно ниво .... 8
1.3. Сателитски телевизиски станици .... 10
1.4. Телевизиски станици на регионално ниво .... 12
1.5. Телевизиски станици на локално ниво .... 14

2. РАДИОИНДУСТРИЈА .... 17
2.1. Македонско радио .... 19
2.2. Радиостаници на државно ниво .... 21
2.3. Радиостаници на регионално ниво .... 22
2.4. Радиостаници на локално ниво .... 23

ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ .... 26
ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ .... 26

# ВОВЕД

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (претходно Советот за радиодифузија) од 2011 година наваму изработува годишни анализи за структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничката припадност. Оваа е трета по ред анализа од ваков вид и во неа се прикажани податоците за вработените од сите етнички заедници во телевизиската и во радиоиндустријата во 2013 година.

Анализата е поделена на две глави, во кои засебно се анализирани податоците за етничката припадност на вработените во јавниот сервис и во комерцијалните радиодифузери кои емитуваат програма на целата држава, на регионално и на локално ниво.

Податоците потребни за оваа анализа радиодифузерите ги доставија во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамки на образецот за сопственичката структура, уредниците и економското работење.

# 1. ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

Вкупниот број вработени во телевизиската индустрија во 2013 година изнесувал 2 028 лица. Од нив, 1 688 лица биле од македонска националност, 193 од албанска, 34 од турска, 22 од ромска, 14 од влашка, 43 од српска, 19 од бошњачка, а 15 биле од други националности.

**Слика 1: Учество во вкупниот број вработени во телевизиската индустрија**




Најголем дел од лицата од македонска националност биле вработени во петте терестријални телевизии на државно ниво, односно во овие телевизиски станици биле ангажирани 32 % од вкупниот број Македонци вработени во телевизиската индустрија во целина. Во Македонската телевизија биле вработени 27 %, во сателитските телевизии 15 %, во регионалните 16 %, а во локалните телевизии 10 % од Македонците.

Најголем број од Албанците, пак, биле вработени во Македонската телевизија (42 %), а позначајно учество прикажале и лицата од оваа националност кои биле ангажирани во локалните телевизии (31 %). Во регионалните телевизии биле вработени 24 %, во националните 2 %, а во сателитските 1 % од вкупниот број Албанци.

**Табела 1: Број на вработени во ТВ-индустријата според етничка припадност**

| | МТВ | национални ТВ | сателитски ТВ | регионални ТВ | локални ТВ | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 449 | 550 | 247 | 265 | 177 | 1688 |
| Албанци | 82 | 4 | 1 | 46 | 60 | 193 |
| Турци | 19 | 7 | 0 | 2 | 6 | 34 |
| Роми | 3 | 0 | 0 | 18 | 1 | 22 |
| Власи | 5 | 4 | 4 | 1 | 0 | 14 |
| Срби | 13 | 17 | 10 | 2 | 1 | 43 |
| Бошњаци | 1 | 3 | 2 | 12 | 1 | 19 |
| Останато | 4 | 1 | 3 | 4 | 3 | 15 |

И најголем дел од вработените од турска националност биле ангажирани во Македонската телевизија (19 лица), додека, пак, сателитските телевизиски станици не прикажале ниту едно вработено лице од оваа националност.

Вработените од ромската етничка заедница биле најбројни кај регионалните телевизии (18 лица). Три лица од оваа националност биле ангажирани во Македонската телевизија, а едно во локалните телевизии.

Пет лица од влашка националност работеле во Македонската телевизија, по четири биле вработени во националните и сателитските телевизии, а едно лице било ангажирано во регионалните телевизии.

Вработените кои се припадници на српската малцинска заедница биле најбројни кај националните телевизиски станици, односно во овој сегмент на телевизиската индустрија биле ангажирани 17 Срби. Во Македонската телевизија работеле 13 лица од оваа националност, во сателитските телевизии десет, во регионалните две и во локалните едно лице.

Од 19-те лица од бошњачка националност, 12 биле вработени во регионалните телевизии, три работеле во националните телевизии, две во сателитските телевизии, а по едно било ангажирано во јавниот сервис и во телевизиите кои емитуваа програма на локално ниво.

По четири лица од други националности коишто не се спомнати погоре биле ангажирани во Македонската телевизија и во регионалните телевизии, по три работеле во сателитските и во локалните телевизии, а едно било вработено во националните телевизии.

Најголем дел од вработените од македонска националност работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (35 %), а позначајно учество прикажале и Македонците коишто биле ангажирани како новинари (30 %).

**Слика 2: Структура според работни места во ТВ-индустријата на лицата од македонска националност**



Кај лицата од албанска националност најбројни биле новинарите, со учество од 34 % во вкупниот број Албанци, а втор по застапеност бил реализаторскиот кадар, кој имал учество од 23 %.

**Слика 3: Структура според работни места во ТВ-индустријата на лицата од албанска националност**




Лицата ангажирани како новинари доминирале и кај вработените од српска, турска, ромска, бошњачка и влашка националност, односно како новинари биле вработени 13 лица од српска националност, 12 од турска, по шест од ромска и бошњачка и пет од влашка националност. Додека кај вработените од други националности кои не се спомнати погоре најбројни биле лицата ангажирани како реализаторски кадар (четири лица).

## 1.1. Македонска телевизија

Во анализираната година во Македонската телевизија биле вработени 576 лица, од кои 449 биле Македонци, 82 Албанци, 19 Турци, тројца Роми, пет Власи, 13 Срби, еден Бошњак, а четворица биле од други националности. Сите вработени биле во редовен работен однос.

**Слика 4: Учество во вкупниот број вработени во Македонската телевизија**



Лицата од македонска националност коишто работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле најбројни меѓу вработените и истите прикажале учество од 41 % од вкупниот број вработени, односно 53 % од вкупниот број Македонци ангажирани во Македонската телевизија. Како новинари биле вработени речиси 21 % од Македонците, а нешто помало учество овие лица прикажале и во категоријата „преостанат кадар“ (19 %).

Најголем дел од лицата од албанска националност, пак, биле вработени како новинари (44 %), а со единаесет проценти помалку, односно учество од 33 % имале лицата од оваа националност кои биле ангажирани како реализаторски кадар. Другите лица припадници на албанската етничка заедница биле вработени како уредници (18 %) и како технички кадар (5%).

**Слика 5: Структура според работни места во Македонската телевизија на лицата од македонска и албанска националност**




Од турска националност биле ангажирани 19 лица, од кои девет работеле како новинари, четири како реализаторски кадар, три како уредници, две биле ангажирани како инженери и техничари, а едно лице било вработено во категоријата „преостанат кадар).

Трите лица од ромската етничка заедница биле вработени како уредник, новинар и како реализаторски кадар (по едно лице).

**Табела 2: Распределба по работни места во Македонската телевизија на лицата од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност**

| | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Новинари | 9 | 1 | 2 | 4 | 0 | 0 |
| Уредници | 3 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Управители/директори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Технички кадар | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| Реализаторски кадар | 4 | 1 | 2 | 5 | 0 | 3 |
| Преостанат кадар | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **19** | **3** | **5** | **13** | **1** | **4** |

По две од петте вработени лица од влашка националност биле ангажирани како новинарски и реализаторски кадар, а едно било уредник.

Вработените од српската малцинска заедница учествувале со 2 % во вкупниот број вработени во Македонската телевизија. Од нив, пет лица биле реализатори, четири биле новинари, две работеле како инженери и техничари, а по едно како уредник и преостанат кадар.

Единственото лице од бошњачка националност вработено во јавниот сервис било ангажирано како уредник.

Од други националности биле ангажирани четири лица, од кои три биле вработени како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар, а едно лице било ангажирано во категоријата „преостанат кадар“.

## 1.2. Терестријални телевизиски станици на државно ниво

Во петте терестријални телевизиски станици кои во 2013 година емитуваа програма на државно ниво биле вработени вкупно 698 лица, од кои 527 биле во редовен работен однос, а 171 биле хонорарно ангажирани. Во оваа анализа се обработени податоците за четири телевизии[1], и тоа за ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма и ТВ Алфа.

Вкупниот број вработени во овие четири телевизии изнесувал 586 лица (437 во редовен работен однос и 149 хонорарци). Од нив, 550 лица биле од македонска националност, по четири биле од албанска и од влашка националност, седум биле припадници на турската малцинска заедница, 17 на српската, три на бошњачката, а едно лице било со друга националност. Ниту една телевизија не прикажала вработени од ромска националност.

**Слика 6: Учество во вкупниот број вработени во терестријалните телевизии на државно ниво**




[1] ТВ Алсат-М не достави податоци за етничката припадност на вработените. Оваа телевизиска станица прикажа вкупно 112 вработени лица, од кои 90 лица во редовен работен однос и 22 хонорарно ангажирани лица. Во претходната година, од вкупно 77 лица од албанска националност коишто биле ангажирани во националните телевизиски станици, дури 75 лица биле вработени во ТВ Алсат-М.

Најголем дел од лицата од македонска националност биле ангажирани како реализаторски кадар (34 %), а нешто помало учество прикажале Македонците кои биле вработени како новинари (30 %).

**Слика 7: Број на лицата од македонска националност ангажирани како новинари и реализатори во терестријалните телевизии на државно ниво**




Најмногу реализатори од македонска националност биле вработени во ТВ Сител (64 лица), а најмногу новинари во ТВ Телма (62 лица).

Најбројни меѓу припадниците на малцинските заедници биле вработените од српска националност, вкупно 17 лица. Осум од овие лица биле ангажирани во ТВ Канал 5 (двајца новинари и по тројца технички и реализаторски кадар), пет биле вработени во ТВ Алфа (тројца новинари и двајца реализатори) и по две во ТВ Сител и во ТВ Телма (едно лице во ТВ Сител било уредник, а едно било ангажирано во категоријата „преостанат кадар“, додека, пак, едно лице во ТВ Телма било вработено како новинар, а едно како технички кадар). Единаесет од Србите вработени во овој сегмент на телевизиската индустрија биле во редовен работен однос, а шест биле хонорарно ангажирани.

Од албанска националност биле вработени само четири лица и сите биле хонорарно ангажирани во ТВ Канал 5, во категоријата „преостанат кадар“.

**Табела 3: Распределба по работни места во терестријалните телевизии на државно ниво на лицата од албанска, турска, влашка, српска, бошњачка и друга националност**

| | Албанци | Турци | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Новинари | 0 | 0 | 2 | 6 | 0 | 0 |
| Уредници | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Управители/директори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Технички кадар | 0 | 0 | 1 | 4 | 2 | 1 |
| Реализаторски кадар | 0 | 1 | 1 | 5 | 1 | 0 |
| Преостанат кадар | 4 | 6 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **4** | **7** | **4** | **17** | **3** | **1** |

Во ТВ Канал 5 работеле шест од вкупно седум лица од турска националност и сите биле хонорарно ангажирани во категоријата „преостанат кадар“. Останатото лице од оваа националност било вработено како реализаторски кадар во ТВ Алфа и истото било во редовен работен однос.

Сите четири вработени од влашка националност биле ангажирани во ТВ Алфа. Двајца од нив работеле како новинари, а по еден како технички и реализаторски кадар и сите биле во редовен работен однос.

Од бошњачката малцинска заедница биле ангажирани три лица, од кои две биле вработени во ТВ Сител (по едно лице како технички и реализаторски кадар, и двете редовно вработени), а едно во ТВ Канал 5 (како технички кадар, хонорарно ангажирано).

Вработени од други националности прикажала само ТВ Телма, и тоа само едно лице ангажирано како технички кадар.

## 1.3. Сателитски телевизиски станици

Од вкупно 267 вработени во сателитските телевизии во 2013 година, 247 биле Македонци, десет биле Срби, четворица Власи, двајца Бошњаци, еден Албанец, а тројца биле од други националности. Од турска и ромска националност не било ангажирано ниту едно лице.

Од вкупниот број работени во ТВ 24 Вести, ТВ Канал 5 Плус, ТВ Сонце и ТВ Наша, (ТВ Сител 3 не прикажала ниту едно вработено лице), 135 лица биле во редовен работен однос, а 132 биле хонорарно ангажирани.

**Слика 8: Учество во вкупниот број вработени во сателитските телевизии**




Најмногу вработени од македонска националност прикажала ТВ Канал 5 Плус, вкупно 98 лица. Од нив, 23 биле во редовен работен однос, а 75 биле хонорарци. Во ТВ 24 Вести биле вработени 65 Македонци (62 редовно вработени и три хонорарно ангажирани), во ТВ Сонце 41 (20 редовно вработени и 21 хонорарно ангажирани) и во Наша ТВ 43 (19 редовно вработени и 24 хонорарно ангажирани).

Речиси 60 % од Македонците во овие четири телевизиски станици биле вработени како новинарски и како реализаторски кадар.

**Слика 9: Број на лицата од македонска националност ангажирани како новинари и реализатори во сателитските телевизии**




ТВ 24 Вести прикажала најголем број новинари и реализатори од македонска националност (25 новинари и 30 реализатори), а ТВ Наша најмал (девет новинари и пет реализатори).

Осум од десетте лица од српската етничка заедница ангажирани во овој сегмент на телевизискиот пазар биле вработени во ТВ Канал 5 Плус (три од овие лица биле во редовен работен однос, а пет биле хонорарци), а по едно во ТВ 24 Вести (во редовен работен однос) и во ТВ Наша (хонорарно ангажирано). По двајца од Србите во ТВ Канал 5 Плус работеле како новинари и преостанат кадар, а четворица биле ангажирани како технички кадар. Лицето од оваа националност вработено во ТВ 24 Вести било новинар, а лицето во ТВ Наша работело како реализаторски кадар.

**Табела 4: Распределба по работни места во сателитските телевизии на лицата од албанска, влашка, српска, бошњачка и друга националност**

| | Албанци | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|
| Новинари | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 |
| Уредници | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Управители/директори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Технички кадар | 0 | 0 | 4 | 0 | 1 |
| Реализаторски кадар | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **1** | **4** | **10** | **2** | **3** |

Од влашка националност биле вработени четири лица. Две од нив работеле како преостанат кадар во ТВ 24 Вести (едно лице во редовен работен однос и едно хонорарно ангажирано) и две во Наша ТВ, по едно лице како новинар и уредник (и двете во редовен работен однос).

Двете лица од бошњачка националност биле ангажирани како новинари во ТВ 24 Вести (и двете биле во редовен работен однос), а единственото лице од албанска националност работело како новинар во ТВ Сонце (во редовен работен однос).

Од други етнички заедници коишто не се спомнати погоре биле ангажирани три лица, од кои две биле хонорарно ангажирани како новинари во ТВ Сонце, а едно работело како технички кадар во ТВ 24 Вести и истото било во редовен работен однос.

## 1.4. Телевизиски станици на регионално ниво

Во анализираната година, во 27-те регионални телевизии[2] биле вработени вкупно 350 лица, од кои 265 биле од македонска националност, 46 од албанска, 18 од ромска, 12 од бошњачка, по две од турска и од српска националност, едно од влашка, а четири биле припадници на други етнички заедници.

**Слика 10: Учество во вкупниот број вработени во регионалните телевизии**




Најголем дел, односно 40 % од Македонците работеле како новинари. Како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар биле ангажирани 19 % од вкупниот број Македонци вработени во овој сегмент на телевизискиот пазар, како инженери и техничари работеле 15 %, како преостанат кадар 12 %, а како уредници и управители/директори биле ангажирани по 7 % од овие лица.

Најмногу новинари од македонска националност биле ангажирани во ТВ Ирис од Штип (11 лица), ТВ КТВ од Кавадарци (десет лица) и во ТВ Амазон од Скопје и ТВ Вис од Струмица (по девет лица), додека, пак, најмногу реализатори од оваа националност биле вработени во ТВ Скајнет од Скопје (шест лица), ТВ Вис од Струмица и во ТВ Вижн БМ од Прилеп (по пет лица).

[2] Дозвола да емитуваат програма на регионално ниво во првите пет месеци од 2013 година имаа девет телевизии, сите на подрачјето на Скопје. Со преминот од аналогно во дигитално емитување, бројот на регионалните телевизии се зголеми на 29, откако вкупно 20 локални телевизии ја искористија можноста од локални да преминат во регионални телевизии. Во јуни 2013 година престана да важи дозволата на ТВ Крт од Скопје, а во март 2014 година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и ја одзеде дозволата на ТРД ТВ Арт Канал од Струга.

**Слика 11: Структура според работни места во регионалните телевизии на лицата од македонска националност**




И кај лицата од албанска националност, од кои 26 биле редовно вработени, а 20 биле хонорарци, најбројни биле новинарите (14 лица). Од нив, девет биле ангажирани во ТВ Коха од Тетово, тројца во ТВ Ера од Скопје и по еден во ТВ НТВ од Охрид и во ТВ Канал три од Дебар. Втори по застапеност биле Албанците ангажирани во категоријата „преостанат кадар“, која броела вкупно десет лица. Од нив, дури осум биле вработени во ТВ Ера од Скопје, а по едно во ТВ Ускана од Кичево и во ТВ Коха од Тетово.

Од ромска националност биле ангажирани 18 лица (едно лице во редовен работен однос и 17 хонорарно ангажирани) и сите биле ангажирани во скопските телевизии ТВ Шутел (11 лица) и ТВ БТР (седум лица). По тројца од вработените во ТВ Шутел биле ангажирани како новинарски и реализаторски кадар, двајца биле уредници, а по едно лице било вработено како управител, технички кадар и преостанат кадар. Додека, пак, во ТВ БТР три лица од оваа националност биле вработени како технички кадар, две биле новинари, а по едно работело како управител и реализаторски кадар.

**Слика 12: Структура според работни места во регионалните телевизии на лицата од албанска, ромска и бошњачка националност**




Десет од вкупно 12 лица од бошњачка националност вработени во овој сегмент на телевизискиот пазар биле ангажирани во ТВ Едо, а по едно било вработено во ТВ Амазон и ТВ Ера (сите три телевизии од Скопје). Три од вработените бошњаци во ТВ Едо биле новинари, по две биле вработени како уредници, технички и реализаторски кадар, а едно било управител. Лицето во ТВ Амазон било вработено како новинар, а лицето во ТВ Ера било ангажирано како реализаторски кадар. Шест од вработените од

бошњачка националност биле во редовен работен однос, а шест биле хонорарно ангажирани.

Од турска и српска националност биле ангажирани по две лица. Едно лице од турската малцинска заедница било ангажирано како новинар во ТВ Канал три од Дебар, а другото работело како реализаторски кадар во ТВ Вис од Струмица. Додека, пак, едно лице од српска националност било ангажирано како технички кадар во ТВ ВТВ од Валандово, а едно како реализаторски кадар во ТВ МТМ од Скопје.

Единственото лице од влашка националност било вработено како технички кадар во ТВ Скопје од Скопје. Од други националности биле ангажирани четири лица (три во редовен работен однос и едно хонорарно ангажирано). Од нив, по едно работело како новинар, технички и преостанат кадар во ТВ Канал три од Дебар, а едно како преостанат кадар во ТВ БТР од Скопје.

## 1.5. Телевизиски станици на локално ниво

Вкупниот број вработени во локалните телевизии во 2013 година изнесувал 249 лица, од кои 177 биле Македонци, 60 Албанци, шест Турци, по едно лице биле од ромска, српска и бошњачка националност, а три лица биле од други националности. Ниту една локална телевизија не прикажала вработени од влашка националност.

**Слика 13: Учество во вкупниот број вработени во локалните телевизии**




Деведесет и четири од лицата од македонска националност биле во редовен работен однос, а 83 биле хонорарно ангажирани. Како и кај регионалните телевизиски станици, и кај локалните телевизии најбројни биле Македонците ангажирани како новинари (58 лица) и како реализатори (41 лице). Најголем број новинари биле вработени во ТВ ТВМ од Охрид (седум лица) и во ТВ Интел од Струмица (шест лица). ТВ Тера од Битола и ТВ Здравкин од Велес прикажале најмногу реализатори од македонска националност (шест, односно пет лица).

Од припадниците на албанската етничка заедница, 22 лица биле во редовен работен однос, а 38 биле хонорарци. Речиси половина од овие лица биле ангажирани како

новинари и како технички кадар (биле вработени 15 новинари и 14 инженери и техничари).

Од 15-те новинари од албанска националност, четворица биле ангажирани во ТВ Калтрина од Струга, тројца во ТВ Дуе од Гостивар, по двајца во ТВ Арт и ТВ Супер Скај од Тетово и по еден во ТВ Дибра од Дебар, ТВ Гурра од Кичево и во ТВ Феста и ТВ Хана од Куманово.

Од 14-те Албанци, пак, ангажирани како технички кадар, по двајца биле вработени во ТВ Феста од Куманово, ТВ Дуе од Гостивар и во ТВ Арт и ТВ Супер Скај од Тетово, а по едно лице во ТВ Калтрина и ТВ Спектра од Струга, ТВ Дибра од Дебар, ТВ Гурра од Кичево, ТВ ГТВ од Гостивар и во ТВ Хана од Куманово.

По девет лица од албанска националност биле ангажирани како уредници и реализаторски кадар, осум како управители, а пет работеле во категоријата „преостанат кадар“.

**Слика 14: Структура според работни места во локалните телевизии на лицата од македонска и албанска националност**




Бројот на вработени од турска националност изнесувал шест лица (едно во редовен работен однос и пет хонорарно ангажирани). Од нив, две биле вработени како новинари, по едно лице во ТВ Спектра од Струга и ТВ Аниса од Пласница, по едно било ангажирано како уредник, управител и реализаторски кадар во ТВ Аниса и едно работело во категоријата „преостанат кадар“ во ТВ Нова Од Куманово.

**Табела 5: Распределба по работни места во локалните телевизии на лицата од турска, ромска, српска, бошњачка и друга националност**

| | Турци | Роми | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|
| Новинари | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Уредници | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Управители/директори | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| Технички кадар | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Реализаторски кадар | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Преостанат кадар | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **6** | **1** | **1** | **1** | **3** |

Лицето од ромска националност било ангажирано како технички кадар во ТВ Калтрина од Струга, лицето од српска националност исто така било вработено како технички кадар во ТВМ од Охрид, а единственото лице од бошњачка националност работело како управител во ТВ Лажани од Долнени.

Во анализираната година, од други националности кои не се споменати погоре биле ангажирани само три лица и сите биле вработени во ТВ Спектра од Струга (по едно лице како уредник, управител и како реализаторски кадар). Сите биле во редовен работен однос.

## 2. РАДИОИНДУСТРИЈА

Во 2013 година, во радиоиндустријата во целина биле вработени вкупно 645 лица, од кои 518 биле Македонци, 81 Албанец, 18 Турци, еден Ром, четворица Власи, 17 Срби, двајца Бошњаци и четири од други националности.

**Слика 15: Учество во вкупниот број вработени во радиоиндустријата**




Најголем дел од лицата од македонска националност биле вработени во Македонското радио (37 %). Во националните радиостаници биле ангажирани 15 %, во регионалните 18 %, а во локалните 30 % од вкупниот број Македонци.

И вработените од албанска националност биле најбројни во Македонското радио, со учество од 53 % во вкупниот број Албанци. Триесет отсто од Албанците работеле во локалните радиостаници, а 17 % во регионалните радиостаници.

Од лицата од турска националност, 16 биле вработени во Македонското радио, а две биле ангажирани во локалните радиостаници.

Во Македонското радио биле ангажирани и единственото лице од ромска националност, четирите лица од влашка националност, како и двете лица од бошњачка националност.

**Табела 6: Број на вработени во радиоиндустријата според етничка припадност**

| | МРА | национални РА | регионални РА | локални РА | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 191 | 78 | 94 | 155 | **518** |
| Албанци | 43 | 0 | 14 | 24 | **81** |
| Турци | 16 | 0 | 0 | 2 | **18** |
| Роми | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| Власи | 4 | 0 | 0 | 0 | **4** |
| Срби | 10 | 4 | 1 | 2 | **17** |
| Бошњаци | 2 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| Останато | 3 | 0 | 0 | 1 | **4** |

Десет лица од вработените од српска националност биле ангажирани во Македонското радио, четири биле вработени во националните, едно во регионалните и две во локалните радиостаници.

Три од лицата од друга националност работеле во Македонското радио, а едно било ангажирано во локалните радиостаници.

Најбројни меѓу вработените од македонска националност биле лицата ангажирани како новинари (32 %). Реализаторскиот кадар кај овие лица имал учество од 19 %, управителите од 10 %, а уредниците, техничкиот кадар и преостанатиот кадар имале еднакво учество, односно тие учествувале со по 13 % во вкупниот број Македонци вработени во радиоиндустријата.

**Слика 16: Структура според работни места во радиоиндустријата на лицата од македонска националност**




И кај лицата од албанска националност најбројни биле новинарите, кои учествувале со 28 % во вкупниот број Албанци. Техничкиот кадар имал најмало учество кај овие лица, односно како инженери и техничари биле ангажирани само 7 % од Албанците.

**Слика 17: Структура според работни места во радиоиндустријата на лицата од албанска националност**




Осум од лицата од турска националност работеле како новинари, четири како уредници, а по две лица биле ангажирани како технички, реализаторски и преостанат кадар.

Од лицата од српска националност осум биле новинари, три биле ангажирани како уредници, по две работеле како реализаторски и преостанат кадар, а по едно како управител и како технички кадар.

Лицето од ромска националност работело како уредник, додека, пак, од вработените од влашка националност три биле вработени како новинари и едно како уредник.

По едно од лицата од бошњачка националност било ангажирано како новинар и уредник, а лицата од други националности работеле како новинари (две лица), технички и преостанат кадар (по едно лице).

**Табела 7: Распределба по работни места во радиоиндустријата на лицата од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност**

| | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Новинари | 8 | 0 | 3 | 8 | 1 | 2 |
| Уредници | 4 | 1 | 1 | 3 | 1 | 0 |
| Управители/директори | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Технички кадар | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Реализаторски кадар | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **18** | **1** | **4** | **17** | **2** | **4** |

## 2.1. Македонско радио

Од вкупно 270 лица, колку што биле вработени во Македонското радио во 2013 година, 191 лице биле од македонска националност, 43 од албанска, 16 од турска, едно од ромска, четири од влашка, 10 од српска, две од бошњачка и три од други националности и сите биле во редовен работен однос.

**Слика 18: Учество во вкупниот број вработени во Македонското радио**



Најголем дел од вработените од македонска националност работеле како реализаторски кадар (41 %), а втори по застапеност биле лицата ангажирани како новинари (26 %). Другите вработени биле распоредени на следните работни места: 25 уредници, еден управител, тројца техничари и 33 лица ангажирани во категоријата „преостанат кадар“.

По 12 лица од албанска националност работеле како новинари и уредници, по осум како реализаторски и преостанат кадар, две биле ангажирани како технички кадар, а едно било управител.

**Слика 19: Структура според работни места во Македонското радио на лицата од македонска и албанска националност**




Седум од лицата од турска националност биле вработени како новинари, четири работеле како уредници, по две како реализаторски и преостанат кадар, а едно било ангажирано како технички кадар.

Во анализираната година во Македонското радио биле вработени 10 Срби, од кои седум биле новинари, а по еден работел како уредник, реализаторски и како преостанат кадар.

Од влашка националност, пак, биле ангажирани четири лица. Три од нив биле новинари, а едно било уредник.

**Табела 8: Распределба по работни места во Македонското радио на лицата од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност**

| | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Новинари | 7 | 0 | 3 | 7 | 1 | 2 |
| Уредници | 4 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Управители/директори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Технички кадар | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Реализаторски кадар | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **ВКУПНО** | **16** | **1** | **4** | **10** | **2** | **3** |

По едно од лицата од бошњачка националност било ангажирано како новинар и како уредник, а единственото вработено лице од ромска националност работело како уредник.

Од други националности биле вработени три лица, од кои две биле новинари, а едно работело во категоријата „преостанат кадар“.

## 2.2. Радиостаници на државно ниво

Во четирите радиостаници кои во анализираната година емитуваа програма на државно ниво биле вработени вкупно 82 лица. Од нив само четири лица биле од српска националност, а другите 78 биле од македонска националност.

**Слика 20: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници**




Дури 46 % од Македонците биле ангажирани како новинари, по 15 % работеле како технички и преостанат кадар, 11 % биле уредници, 8 % режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар и 5 % биле управители. Дваесет и девет од овие лица биле во редовен работен однос, а 49 биле хонорарно ангажирани.

**Слика 21: Структура според работни места во националните радиостаници на лицата од македонска националност**



РА Слободна Македонија прикажала најголем број вработени од македонска националност, вкупно 26 лица. Во РА Антена 5 биле ангажирани 22 Македонци, во РА Канал 77 20 и во РА Рос Метрополис 10.

Три од вработените од српска националност биле ангажирани во РА Слободна Македонија (по едно лице како уредник, технички и преостанат кадар), а едно во РА Антена 5 (како реализаторски кадар).

## 2.3. Радиостаници на регионално ниво

Во 2013 година во регионалните радиостаници биле ангажирани 109 лица, од кои 94 лица биле од македонска националност, 14 лица биле од албанска и едно лице било од српска националност.

**Слика 22: Учество во вкупниот број вработени во регионалните радиостаници**




Од Македонците коишто работеле во овој сегмент на радискиот пазар, 46 лица биле во редовен работен однос, а 48 биле хонорарно ангажирани. Најзастапени кај овие лица биле новинарите (35 %), а најмногу новинари од македонска националност прикажа РА Универзитетско Студент ФМ 92.9 (13 лица). Четири новинари биле ангажирани во РА Зона М-1, по тројца биле вработени во РА Буба Мара, РА Сити и во РА Фортуна, двајца во РА Спортско 90.3 ФМ и по еден во РА Клуб ФМ, РА РФМ, РА Скај, РА Хоме и во РА Фолк.

Позначајно учество кај Македонците прикажале и уредниците (19 %). Најмногу уредници, исто така, биле ангажирани во РА Универзитетско Студент ФМ 92.9 (пет лица).

**Слика 23: Структура според работни места во регионалните радиостаници на лицата од македонска националност**




Четири од лицата од албанска националност биле вработени како управители (во РА Арачина, РА Ват, РА Лајф ФМ и во РА РФМ), три биле новинари (сите три во РА Ват), по две биле уредници (во РА Арачина и во РА Ват), технички кадар (РА Ват и во РА РФМ) и преостанат кадар (во РА Ват и во РА Лајф ФМ), а едно било ангажирано како реализаторски кадар (во РА Ват). Пет од вработените од оваа националност биле во редовен работен однос, а девет биле хонорарно ангажирани.

Лицето од српска националност било хонорарно ангажирано како новинар во РА Универзитетското Студент ФМ 92.9.

## 2.4. Радиостаници на локално ниво

Во анализираната година, вкупниот број вработени во локалните радиостаници изнесувал 184 лица (110 во редовен работен однос и 74 хонорарно ангажирани). Од нив, 155 биле Македонци, 24 биле Албанци, по две биле припадници на турската и српската етничка заедница, а едно било со друга националност. Ниту една локална радиостаница не прикажала вработени од ромска, влашка и бошњачка националност.

**Слика 24: Учество во вкупниот број вработени во локалните радиостаници**



Најголемо учество кај лицата од македонска националност имале лицата вработени како новинари (28 %), а позначајно учество прикажале и лицата ангажирани како технички кадар (25 %) и како управители (24 %). Најголем број новинари Македонци прикажале РА Голди од Велес, РА Супер од Охрид и РА Холидеј од Прилеп (по три лица).

**Слика 25: Структура според работни места во локалните радиостаници на лицата од македонска националност**




Лицата од албанска националност, пак, биле најбројни кај управителите, односно во оваа категорија биле вработени десет Албанци (во РА ПРО-ФМ од Гостивар, РА Мерлин од Дебар, РА Ускана Плус од Кичево, РА Аљбана и РА Јехона од Куманово, РА Дрини и РА Рапи од Струга и во РА Блета, РА Фама РА Ред ФМ од Тетово).
Како новинари биле ангажирани осум лица од албанска националност. Од нив, по две лица биле ангажирани во РА Аљбана од Куманово и во РА Рапи од Струга, а по едно во РА ПРО-ФМ од Гостивар, РА Мерлин од Дебар, РА Јехона од Куманово и во РА Блета од Тетово.

По двајца Албанци работеле како уредници (по едно лице во РА ПРО-ФМ и во РА Фама), технички кадар (по едно лице во РА ПРО-ФМ и во РА Блета) и како реализаторски кадар (по едно лице во РА Мерлин и во РА Аљбана). Од вкупниот број Албанци во овој сегмент на радискиот пазар, 15 биле во редовен работен однос, а девет биле хонорарно ангажирани.

**Слика 26: Распределба по работни места во локалните радиостаници на лицата од албанска, турска, српска и друга националност**



Едно лице од турска националност било ангажирано како новинар, а едно како технички кадар во РА ПРО-ФМ од Гостивар.

Двете лицата од српска националност, пак, биле ангажирани како уредник и управител во РА МХ од Охрид.

Од друга националност било вработено само едно лице, коешто било ангажирано како технички кадар во РА Браво од Куманово.

## ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ

Слика 1: Учество во вкупниот број вработени во телевизиската индустрија ... 4
Слика 2: Структура според работни места во ТВ-индустријата на лицата од македонска  националност ... 5
Слика 3: Структура според работни места во ТВ-индустријата  на лицата од албанска националност ... 6
Слика 4: Учество во вкупниот број вработени  во Македонската телевизија ... 6
Слика 5: Структура според работни места во Македонската телевизија на лицата од македонска и албанска националност ... 7
Слика 6: Учество во вкупниот број вработени во терестријалните телевизии на државно ниво ... 8
Слика 7: Број на лицата од македонска националност ангажирани како новинари и реализатори во терестријалните телевизии на државно ниво ... 9
Слика 8: Учество во вкупниот број вработени во сателитските телевизии ... 10
Слика 9: Број на лицата од македонска националност ангажирани како новинари и реализатори во сателитските телевизии ... 11
Слика 10: Учество во вкупниот број вработени во регионалните телевизии ... 12
Слика 11: Структура според работни места во регионалните телевизии на лицата од македонска националност ... 13
Слика 12: Структура според работни места во регионалните телевизии на лицата од албанска, ромска и бошњачка националност ... 13
Слика 13: Учество во вкупниот број вработени во локалните телевизии ... 14
Слика 14: Структура според работни места во локалните телевизии на лицата од македонска и албанска националност ... 15
Слика 15: Учество во вкупниот број вработени во радиоиндустријата ... 17
Слика 16: Структура според работни места во радиоиндустријата на лицата од македонска  националност ... 18
Слика 17: Структура според работни места во радиоиндустријата на лицата од албанска националност. 18
Слика 18: Учество во вкупниот број вработени во Македонското радио ... 19
Слика 19: Структура според работни места во Македонското радио на лицата од македонска и албанска националност ... 20
Слика 20: Учество во вкупниот број вработени во националните радиостаници ... 21
Слика 21: Структура според работни места во националните радиостаници на лицата од македонска националност ... 21
Слика 22: Учество во вкупниот број вработени во регионалните радиостаници ... 22
Слика 23: Структура според работни места во регионалните радиостаници на лицата од македонска националност ... 23
Слика 24: Учество во вкупниот број вработени во локалните радиостаници ... 23
Слика 25: Структура според работни места во локалните радиостаници на лицата од македонска националност ... 24
Слика 26: Распределба по работни места во локалните радиостаници на лицата од албанска, турска, српска и друга националност ... 24

## ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Број на вработени во ТВ-индустријата според етничка припадност ... 4
Табела 2: Распределба по работни места во Македонската телевизија на лицата од турска, ромска, лашка, српска, бошњачка и друга националност ... 7
Табела 3: Распределба по работни места во терестријалните телевизии на државно ниво на лицата од албанска, турска, влашка, српска, бошњачка и друга националност ... 9
Табела 4: Распределба по работни места во сателитските телевизии на лицата од албанска, влашка, српска, бошњачка и друга националност ... 11
Табела 5: Распределба по работни места во локалните телевизии на лицата од турска, ромска, српска, бошњачка и друга националност ... 15
Табела 6: Број на вработени во радиоиндустријата според етничка припадност ... 17
Табела 7: Распределба по работни места во радиоиндустријата на лицата од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка и друга националност ... 19
Табела 8: Распределба по работни места во Македонското радио на лицата од турска, ромска, влашка, српска, бошњачка  и друга националност ... 20

| | |
|---|---|
| Наслов | Анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничка припадност во 2013 година |
| Издавач | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br>Бул. ВМРО бр.3, Скопје<br>Тел. 02/3103-400<br>www.avmu.mk<br>contact@avmu.mk |
| За издавачот | д-р Зоран Трајчевски, в.д. директор |
| Изработиле | м-р Магдалена Давидовска-Довлева<br>Катерина Доневска<br>Валиде Јашари |